НАСТАВНА ПРОГРАМА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

# МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК И МАКЕДОНСКА ЛИТЕРАТУРА

**за заедниците**

I ГОДИНА

СРЕДНО СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ СО ТРИГОДИШНО ТРАЕЊЕ

Скопје, јуни 2013 година

# I. ВОВЕД

Предметот македонски јазик и македонска литература за паралелките на заедниците е општообразовен предмет со широки и разгранети функционални, образовни и воспитни цели.

Целта на наставниот предмет е ученикот да се оспособи за коректно, свесно и правилно усно и писмено изразување на македонски јазик, за изразување на сознанијата за себе и опкружувањето, за доживување и критичко размислување за себе и другите, за разбирање и примена на стекнатите знаења од мајчиниот јазик, да сфати дека македонскиот јазик е државен, службен јазик во Република Македонија и дека спаѓа во групата на развиените современи јазици.

Предметот македонски јазик и литература во наставниот план за тригодишно средно стручно образование е сместен во групата на задолжителни предмети со годишен фонд од 72 часа, односно 2 часа неделен фонд.

Половина од планирниот фонд на часови, значи 33 часа се наменети за проучување на содржините од подрачјето Јазик, а останатите за проучување на подрачјето Литература.

Содржините од подрачјата Македонски јазик и Литература се обработуваат одделно притоа водејќи сметка за остварување на внатрешна корелација. Оваа корелација е потребна од причини што и двете подрачја треба кај ученикот да ги развијат способностите за читање, пишување и говорење.

**Назив на наставниот предмет:** македонски јазик и македонска литература за заедниците

**Вид на средно образование:** стручно

**Година на изучување на наставниот предмет:** прва година- тригодишно средно стручно образование

**Број на часови на наставниот предмет**

- Број на часови неделно: 2 часа
- Број на часови годишно: 72 часа

**Статус на наставниот предмет:** задолжителен

## II. ЦЕЛИ НА НАСТАВНИОТ ПРЕДМЕТ (од I до III година)

Ученикот/ученичката:

- да ги продлабочува знаењата за македонскиот стандарден јазик како основно средство за комуникација;
- да се оспособува за самостојно усно и писмено изразување, за разбирање, доживување и толкување на литературните и на другите текстови;
- да ги развива и да ги мотивира индивидуалните способности за самостојно критичко и творечко комуницирање со литературен текст;
- да ја развива и да ја зацврстува свеста за значењето на македонскиот литературен јазик како службен јазик во Република Македонија;

- да развива и да усвојува способности и вештини во комуникацијата, во правец на меѓусебното почитување и разбирање на луѓето и народите како и нивните литературни, културни и научни придобивки и вредности;
- да се оспособува за негување, развивање и збогатување на македонскиот стандарден јазик со нова лексика и тоа со функционални зборови и изрази и за нивна примена во сите животни ситуации;
- да ги запознава и да ги усвојува основите, системот, јазичните законитости и нормите на македонскиот литературен јазик, правоговорот и правописот и да стекнува навики за нивна примена во усното и писменото изразување;
- да се оспособува за одбирање податоци и факти, нивно спроведување, документирање, аналитичко-синтетички пристап, генерализација на фактите и интерпретација, како од уметничката литература така и од другите извори;
- да ги вербализира своите мисли, чувства, доживувања, желби, барња, стремежи во усна и писмена форма.

## III. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ВО I ГОДИНА

Ученикот/ученичката:

- да ги репродуцира основните познавања за структурата на јазикот како систем од знаци;
- да го лоцира местото на македонскиот јазик во групата на јужнословенските јазици;
- да ги набројува историските факти за развитокот на старословенскиот јазик и за неговите две писма;
- да ги набројува белезите на македонската јазична варијанта;
- да го опишува гласовниот систем на македонскиот јазик;

- да ја открива специфичната служба на вокалите во зборовите;
- да го парафразира процесот на навлегување на елементите од народен јазик во црковната литература;
- да ги опишува карактеристиките на старословенските споменици;
- да го применува третосложното акцентирање;
- да ги применува акцентските целости;
- да прави разлика меѓу глас и фонема;
- да ги објасни причините за гласовните промени кај согласките;
- да креира деловни/административни писма;

| **Програмско подрачје: ЈАЗИК (30 часа)** | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br><br>-да ги наведува основните податоци за потеклото на македонскиот јазик и неговата припадност во групата словенски јазици; | **Историја на македонскиот јазик (6 часа)**<br><br>Македонскиот јазик во групата на словенските јазици | Старословенски јазик<br>Глаголица<br>Кирилица | Насочувачки прашања за откривање на заедничките особености и разликите на јазиците.<br><br>Вежби: Текстови за илустрација за |

| | | | |
|---|---|---|---|
| -да ги набројува историските факти од развојот на словенската писменост;<br><br>-да ги именува средновековните школи на територија на Македонија, нивната периодизација и јазични одлики; | Јазикот на словенската писменост во Македонија до XVI век<br><br>Македонскиот писмен јазик од XVI до XVIII век<br>Македонското јазично прашање во XIX век | Средновековни книжевни школи<br><br>Житија | јазичните промени.<br><br>Истражување на интернет и во литература (книги) за книжевните школи.<br><br>Вежби: Читање и утврдување на историските факти за развојот на словенската писменост.<br><br>Тимска работа: Истражување и илустрација на книжевни споменици. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| -да го знае местото на македонските народни говори во развојот на македонскиот писмен јазик<br><br>-да ја разбере улогата на учителската и учебникарската дејност во развојот на јазикот | Ширењето на функциите на народниот јазик<br><br>Македонското јазично прашање во XIX век<br><br>Учебникарите и нивните погледи за создавање на македонскиот литературен јазик. | Народен говор<br>Дијалект<br><br>Учебникари | Извадоци од делата на посочените автори за да ги воочат особеностите на јазикот (може и компјутерска презентација).<br><br>Дискусија на тема: „Јазикот е жив систем што постојано се возобновува“. |

| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
|---|---|---|---|
| | **Фонетика и фонологија** (6 часа) | | |
| - да го дефинира поимот фонетика;<br><br>-да прави разлика меѓу глас, фонема и буква; | Глас и фонема<br>Поделба на гласовите | Фонема<br>Глас<br>Буква | Изработка на графикон (шема, табела) за поделбата на гласовите. |
| -да ги препознава самогласките од согласките<br>-да го определува местото на самогласното р во зборот; | Самогласки, Вокално р | Самогласки | Вежби за слоготворната функција на самогласките и вежби за поделба на зборовите на слогови. |
| -да ги разликува звучните од безвучните согласки;<br><br>-да ги разликува согласките по нивната артикулација и звучност; | Согласки, поделба по звучност, образување<br>Сонанти | Согласки<br>Сонанти | Вежби за илустрација на гласовните промени (говорна и пишувана форма), Вежби за примена на стекнатите знаења. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| -да го применува фонетскиот процес на едначење по звучност, обезвучување и губење на согласките од правописен аспект. | Промени кај согласките: едначење по звучност, обезвучување, губење на согласките | Едначење по звучност<br>Обезвучување<br>Губење на согласките | Вежби со намерни грешки во кои учениците ќе треба да ги корегираат и објаснат грешките.<br>Вежби за отстапувањето од едначењето по звучност. |
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| - да ги применува правилата на македонскиот акцентски систем во сите форми на јазичната комуникација; | **Акцент** ( **4 часа**)<br><br>Поим, карактерот на акцентот во литературниот јазик<br><br>Местото на акцентот | Акцент | Звучен запис со правилно и неправилно акцентиран текст.<br>Илустрирање со примери:<br>Вежби за местото на акцентот во македонскиот стандарден јазик со друг. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| -да ги препознава зборовите во кои има исклучоци од третосложното акцентирање<br><br>- да ги препознава видовите акцентски целости | Исклучоци во правилото за третосложното акцентирање<br><br>Акцентот во туѓите зборови<br>Акцентски целости | | Вежби за правилно усвојување на акцентот со различни видови зборови со туѓо потекло.<br>Текст метода за правилно усвојување на акцентските Целости.<br>Текстови со намерно поставени грешки за корекција на овој вид грешки. |

| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
|---|---|---|---|
| -да го именува македонскиот правопис како заснован врз фонетскиот принцип, | **Правопис и правоговор** (4 часа)<br><br>Изговор и правопис на согласките Ј, Ќ и Ѓ | Правопис | Вежби во пишување на определени |

| | | | |
|---|---|---|---|
| т.е. фонетска основа.<br>-да ја разликува употребата на карактеристичните фонеми и правилно да ги употребува во пишан текст;<br>-да ја утврдува разликата на изговорот и пишувањето на одредени согласки. | Изговор и правопис на согласките Л и Љ<br><br>Изговор и правопис на согласките В и Ф<br><br>Изговор и правопис на согласките Ѕ, Џ и Х | | текстови кои содржат повеќекратна употреба на зборови со конкретните фонеми.<br>Ученикот запомнува и лоцира правилна употреба на карактеристични-те фонеми. |

| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
|---|---|---|---|
| -Да го сфаќа правилото: напишаното како треба да се репродуцира;<br>-да го лоцира правилното акцентирање во говорната форма на јазикот.<br><br>-да ја развива способноста за самостојна практично-професионална | Поим и значење на правоговорот<br><br>**Професионална комуникација** (10 часа) | Изговор<br>Правоговор | Вежби: читање и правилен изговор на текстови.<br>Вежби: рецитација (претходно зададена стихотворба да се научи напамет).<br>Вежби на готови обрасци и текстови за воочување на структурата и функцијата, а потоа и нивна самостојна изработка со проверување на |

| | | | |
|---|---|---|---|
| комуникација;<br><br>-да ја сфаќа разликата во формата на соодветните видови писмени текстови;<br><br>-да го употребува македонскиот стандарден јазик во составувањето на соодветните наменски тесктови | | | резултатите и со корекции.<br>Вежби: пишување молби, изјави, барања, приговори, понуди, уплатници и меѓусебно корегирање на текстовите. |

| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
|---|---|---|---|
| **Писмена работа 1+1** (6 часа) | | | |

| Програмско подрачје: ЛИТЕРАТУРА (30 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Почетоци на словенската писменост** (6 часа)<br><br>-Да ги набројува податоците за улогата и значењето на Кирил и Методиј;<br>-да знае причини за појавата на словенската писменост, општествено-политичка услови за создавање на првите словенски држави; | Кирил и Методиј – основоположници на словенската писменост | Создавање на словенската писменост | Елекронска презентација, подготвена од учениците, , работа во групи за почетоците на словенската писменост. |
| - да ги анализира„ Панонски легенди“ со преглед на Моравската мисија; | „Панонски легенди“ | Житие<br>Глаголица<br>Кирилица | Интерпретативно читање на делови од Житието на Кирил и Житието на Методиј со акцент на Моравската мисија.<br>Дискусија за значењето на браќата Кирил и |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | Методиј за словенската писменост и култура |
| -да го објаснува значењето на Климент Охридски за развојот на македонската литература;<br>-да го објаснува значењето на Охридската книжевна школа како продолжувач на словенската традиција; | Охридска книжевна школа<br>Климент Охридски „Пофално слово за св. Кирил Филозоф“ | Пофално слово<br>поучно слово | Интерпретативно читање на Пофалното слово за Кирил филозоф<br><br>Дискусија за значењето на Охридската книжевна школа |
| -да го објаснува значењето на делото „За буквите“ за развојот на македонската (словенската) писменост;<br>-да го согледува значењето на трактатот во одбраната на словенската писменост. | Црноризец Храбар „О Писменех“ | Трактат,<br>Тријазичници | Интерпретативно читање на трактатот„ О писменех“ |

| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
| --- | --- | --- | --- |
| **Просветителството во Македонија (6 часа)**<br><br>-да ги набројува белезите на просветителството во Македонија;<br>-да ги објаснува причините за појава на просветителството во Македонија;<br>-да ги коментира белезите на просветителството во Македонија; | Просветителството во Македонија: појава, одлики, претставници (6 часа)<br><br>Јоаким Крчовски<br>Кирил Пејчиновиќ<br>Теодосиј Синаитски<br>Јордан Хаџи Константинов – Џинот: преглед | Просветителство<br><br>Слово<br><br>Религиозно-поучна литература<br>Верска и морална просвета<br>Епитаф | Електронска презентација подготвена од учениците, работа во групи за просветителството во Македонија.<br>Разговор за општествено-политичките услови во кои се раѓа просветителството во Македонија.<br>Дијалошки метод за улогата на македонската граѓанска класа во просветителството. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| -да ги набројува основните био-библиографски податоци за Јоаким Крчовски, Теодосиј Синаитски, Јордан Хаџи Константинов Џинот, Кирил Пејчиновиќ;<br><br>-да го толкува значењето на просветителите во зачувување на македонскиот идентитет. | Јоаким Крчовски<br><br>Кирил Пејчиновиќ<br><br>Теодосиј Синаитски | Слово заради завист<br><br>Епитаф<br><br>Предговорот | Читање на фрагменти од текстовите Слово заради завист, Епитафот, Предговорот кон „Утешение грешним“.<br><br>Дијалошки метод за јазикот во текстовите и споредба меѓу одделните текстови. Разговор за народниот јазик употребен во текстовите на просветителите. Дискусија за значењето на |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | просветителите во зачувувањето на македонскиот идентитет. |

| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
|---|---|---|---|
| **Романтизмот и преродбата кај македонскиот народ (18 часа)**<br><br>-Да ги набројува спецификите на македонскиот романтизам;<br><br>-да ја коментира улогата на собирачите на македонските народни умотворби за развојот на македонската литература; | Собирачи на македонско народно творештво: преглед<br><br>Зборникот на Миладиновци | Културна преродба<br><br>Зборник<br>Собирачка дејност | Електронска презентација, подготвена од учениците за романтизмот и културната преродба во Македонија<br><br>Дијалошки метод за условите во кои се раѓа романтизмот и карактеристиките. Дискусија за значењето на |

| | | | |
|---|---|---|---|
| -да ја вреднува улогата на Константин Миладинов во развојот на македонската книжевност;<br><br>-да ги набројува основните био-библиографски податоци за Константин Миладинов;<br><br>-да го  именува значењето на Константин Миладинов за собраното македонско творештво  со објавувањето на Зборникот;<br><br>- да го објаснува значењето на Константин Миладинов како основоположник на уметничката поезија со песната „Т`га за југ“;<br><br>-да знае основни био-библиографски податоци за Григор Прличев ;<br><br>-да ги открива  лирските и епските белези на поемата „Сердарот“; | Константин Миладинов – Поезија<br><br>(„Т`га за југ“, „Бисера“, „Голапче“)<br><br>Григор Прличев –„ Сердарот“ | Основоположник на уметничката поезија<br><br>Поема, словенска антитеза | народното творештво  и неговата улогата во зачувување на македонскиот идентитет.<br><br>Интерпретативно читање на песните на Константин Миладинов<br>Дијалошки метод за лирските елементи во поезијата на Константин Миладинов<br>Дискусија за улогата на Константин Миладинов  во објавувањето на Зборникот |

| | | | |
|---|---|---|---|
| -да ги набројува основните био-библиографски податоци за Рајко Жинзифов;<br><br>-да го прераскажува и објаснува расказот „Прошедба“ | Рајко Жинзифов -„Прошедба“ | Прв македонски расказ | Елекронска презентација подготвена од учениците за био-библиографските податоци за Григор Прличев Читање на фрагменти од поемата со акцент на ликот на мајката и ликот на Кузман Капидан Дискусија за загубата на мајката олицетворена во сите мајки што ги губат своите синови за слободата на Македонија. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | Читање на фрагменти од расказот „Прошедба3 Дискусија за впечатоците од прочитаното дело и состојбата на македонскиот народ под турско ропство. |

| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
|---|---|---|---|
| **Лектира (4 часа)**<br><br>1. Григор Прличев -„Скендербег“<br>2. Македонска народна поезија | | | |

## IV. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

Целите на предметот македонски јазик и литература за заедниците ќе бидат успешно остварени доколку во целост се исполнат сите конкретни цели кои се систематизирани по подрачја и теми.

За реализација на програмските содржини ќе се применува традиционална и современа наставна технологија, како единство на интеракција меѓу наставникот, ученикот и наставната содржина, формите, методите и средствата, за да се постигнат целите на предметот.

Покрај основните традиционални методи, ќе се применуваат и методите на активно учење преку кои ќе се развива свеста и желбата за континуирано учење. По дадените информации за определена содржина, наставникот со примена на современи наставни техники, од учениците ќе бара истите да ги толкува со примена на формите на усно и писмено изразување и притоа ќе реконструираат, истражуваат, анализираат, синтетизираат и практично ќе ги применуваат здобиените знаења. Прашањата кои ги поставува наставникот треба да бидат насочени и во функција на поттикнување на различни видови мислења и ставови со различна сложеност. Во добиените одговори од ученикот, наставникот нема да бара само препознавање и репродукција на меморираното, туку ќе бара искажување најразлични судови, мислења и откривање на заемните врски меѓу идеите, фактите и нивните вредности. Активностите и улогата на ученикот и на наставникот меѓусебно се кординираат во текот на процесот на учењето. Покрај основните традиционални методи ќе се применуваат и методите за активно учење и критичкото размислување со што ќе се развива свеста и желбата за континуирано учење.

По давањето на информациите за определена содржина, со примена на современа наставна технологија, од учениците ќе се бара истите да ги толкуваат со примена на формите за усно и писмено изразување и притоа ќе реконструираат, анализираат и синтетизираат и практично да ги применуваат стекнатите знаења. Прашањата секогаш ќе бидат во функција на поттикнување и на различни видови мислења и на ставови со различна сложеност, искажување најразлични мислења, ставови, идеи, факти и други вредности.

## V. СТАНДАРДИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ

Согласно Блумовата таксономија воспоставени се стандарди за оценување според кои се распоредени програмските подрачја и содржините. Ученикот/ученичката:

| **Наставно подрачје/содржини** | **Ниво на постигање** | **Стандарди** |
|---|---|---|
| **Јазик**<br><br>Историја на македонскиот јазик<br><br>Фонетика и фонологија<br><br>Акцент<br><br>Правопис и правоговор<br><br>Професионална комуникација | Помнење | ги опишува карактеристиките на старословенските споменици;<br>го применува третосложното акцентирање; |
| | Разбирање | ги опишува карактеристиките на старословенските споменици;<br>Го препознава третосложното акцентирање. |
| | Применување и Вреднување | Применува правописни правила за согласки и самогласки;<br>применува правописни правила при пишување голема буква , скратеници , интерпункциски знаци;<br>демонстрира употреба на различни акцентски целости<br>пишува различни форми за практично-професионална комуникација. |

| Наставно подрачје/содржини: | Ниво на постигање | Стандарди |
|---|---|---|
| **Литература**<br><br>Почетоците на словенската писменост<br><br>Просветителството во Македонија<br><br>Романтизмот и културната преродба во Македонија | Помнење | Набројува причини за појава на словенската писменост;<br>именува средновековни книжевни школи. |
| | Разбирање | Објаснува значење на Климент Охридски за развојот на македонската книжевност<br>објаснува за значење на делото „За буквите“ за развојот на словенската (македонска) писменост. |
| | Применување | Го анализира делото „Панонски легенди“;<br>го знае ликот и делото на Константин Миладинов во развојот на македонската книжевност;<br>го илустрира делото „Сердарот“;<br>го толкува „Епитафот“. |

## VI. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Вреднувањето на резултатите е задолжително и се одвива според законските норми. Напредувањето и оценувањето на учениците постојано се следи и се врши континуирано во текот на наставата, со обид на учениците оценувањето да им ја покаже реалната состојба во нивните знаења со што ќе се стимулираат за нивно перманентно продлабочување. Согласно природата на програмата по предметот македонски јазик и литература оценувањето може да се реализира преку усна и писмена форма, со презентација на соодветни проектни задачи, трудови и слично.

Усниот инструмент се состои од одговори на прашања, поставување (ученички) прашања, презентации, самостојно изложување на доживувања и сфаќања, ставови и судови.

Пишуваниот инструмент ќе претпочита писмени работи, писмени вежби, објективни тестови на знаења, тестови на способности.

Оценувањето се врши по определена тема, во текот на тромесечјето, полугодието и крајот на годината

Оценувањето треба да биде во функција на успешно продолжување на образованието во 4 степен.

За учениците кои покажуваат вонреден интерес и успех задолжително се организира додатна настава.

За учениците кои не ги усвојуваат во задоволителна мера знаењата, задолжително се организира дополнителна настава.

Ученикот се оценува со бројчана оценка.

## VII. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставата се организира во училница или во кабинет а по исключок се проследува со придружни активности кои го менуваат местото на реализацијата (институции на културата, научни институции, библиотеки, кинотеки, медиотеки итн.).

## VIII. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Студиски групи на Филолошкиот, односно Филозофскиот факултет:

-Македонска книжевност и јужнословенски книжевности со македонски јази како втор главен предмет

-Македонски јазик и книжевност-наставна насока

-Општа и компаративна книжевност

## IX. ПОЧЕТОК НА ПРИМЕНА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Датум на започнување: *1.09.2013 година*

**Потпис и датум на утврдување на наставната програма**

Наставната програма по предметот македонски јазик и македонска литература за учениците од другите заедници за I година на средното стручно образование со тригодишно траење, на предлог на Бирото за развој на образованието, ја утврди

МИНИСТЕР,

_________________________

Спиро Ристовски

Изготвил: работна група со решение бр. 02-640/1 од 22.04.2013 год., координатор Мито Стефановски
Контролирал: Трајче Георгиевски, раководител на одделение
Одобрил: м-р Митко Чешларов, раководител на сектор
Директор: м-р Весна Хорватовиќ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр. 11-5495/1 од 01.10.2013 година
Скопје